Управниот одбор на Друштвото за животно осигурување УНИКА ЛАЈФ А.Д. Скопје со седиште на бул.Илинден бр.1-Скопје (во понатамошниот текст само Друштвото) на својата редовна седница одржана на 24.08.2021 година ја донесе следната :

# ОДЛУКА

## Член 1

Се усвои Политиката за остварување на правата на субјектите на личните податоци .

## Член 2

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзино усвојување.

*Образложение*

Друштвото пристапи кон усвојување на наведената Политика, со цел за усогласување со измените на Законот за заштита на личните податоци .

УНИКА А.Д Скопје
Претседател на УО
Александра Шкемби Антовска
__________________

**ПОЛИТИКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА**
**НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

## Обработка на лични податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци, Друштвото за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД Скопје (во понатамошен текст: Контролор) врши обработка на лични податоци и/или збирки на лични податоци, односно преставува Контролор на определени збирки на лични податоци. Контролорот самостојно и/или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработката на лични податоци. Кога целите и начинот на обработката се определени со закон или со друг пропис, тогаш Контролорот ги обработува личните податоци со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон.

Со овој Правилник се пропишува начинот на постапување при приемот, прегледувањето и распоредувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на :

1. пристап,
2. исправка,
3. бришење,
4. ограничување на обработката.
5. преносливост,
6. приговор и
7. автоматско донесување на поединечни одлуки, вклучувајќи и профилирање.

## 1. Право на пристап

(1) Субјектот на личните податоци во барањето за пристап на личните податоци има право да бара одговор на следното:

- дали се врши обработка на личните податоци на субјектот на личните податоци;
- целите на обработката;
- категориите на лични податоци кои се обработуваат;
- корисниците или категориите на корисници на кои се откриени или ќе бидат откриени личните податоци, особено корисниците во трети земји или меѓународни организации;
- предвидениот рок за кој ќе се чуваат личните податоци, а ако тоа не е возможно, критериумите што се користат за одредување на тој период;
- постоењето на право да се бара од страна на контролорот исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци поврзани со субјектот на личните податоци, или право на приговор против таквата обработка;
- правото на поднесување на барање до Агенцијата согласно со членот 97 од ЗЗЛП;
- кога личните податоци не се собираат од субјектот на личните податоци, сите достапни информации за нивниот извор;
- постоењето на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето како што е наведено согласно со членот 26 ставови (1) и (4) од ЗЗЛП и најмалку во оние случаи, кога е вклучена значајна информација за логиката на обработката, како и значењето и предвидените последици од таквата обработка за субјектот на личните податоци.

(2) Кога личните податоци се пренесуваат во трета земја или меѓународна организација, субјектот на личните податоци има право да биде информиран за соодветните заштитни мерки кои се однесуваат на преносот согласно член 50 од ЗЗЛП;

(3) УНИКА ЛАЈФ е должна да одговори на субјектот на личните податоци во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето на барањето. УНИКА ЛАЈФ е должна да обезбеди копија од личните податоци што се обработуваат.

Ако субјектот на личните податоци поднесе барање по електронски пат, на субјектот на личните податоци информациите ќе му бидат обезбедени на вообичаен начин кој се користи во случај на електронска форма, освен ако субјектот на личните податоци не побарал поинаку.

(4) Образецот на Барањето за правото на пристап е во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник, додека Барањето е за пристап до личните податоци кои се обработуваат преку видео надзор е во Прилог 1 А .

**2. Право на исправка**

(1) Субјектот на личните податоци има право да побара и да добие од контролорот во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето, исправка на неговите неточни лични податоци. Земајќи ги предвид целите на обработката, субјектот на личните податоци има право да ги дополни нецелосните лични податоци, со давање на дополнителна изјава.

(2) Образецот на Барањето за правото на исправка е во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**3. Право на бришење ( право да се биде заборавен)**

(1) Субјектот на личните податоци има право да побара од УНИКА да ги избрише неговите лични податоци.

(2) УНИКА ЛАЈФ има обврска да ги избрише личните податоци во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за бришење, ако е исполнет еден од следните услови:

1) личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани или обработени на друг начин;
2) субјектот на личните податоци ја повлекува својата согласност врз која се заснова обработката на податоците согласно Законот за заштита на личните податоци (во понатамошниот текст: ЗЗЛП) и ако не постои друга законска основа за обработка;
3) субјектот на личните податоци поднесе приговор на обработката согласно со ЗЗЛП, при што не постојат преовладувачки легитимни цели за обработката, или субјектот на личните податоци поднесе приговор на обработката;
4) личните податоци биле незаконски обработени;
5) личните податоци треба да бидат избришани со цел почитување на обврска утврдена со закон која се однесува на УНИКА ЛАЈФ;
6) личните податоци биле собрани во врска со понудата на услуги на информатичко општество.
Кога УНИКА ги објавила јавно личните податоци и е должна во согласност со ставот (1) на овој член да ги избрише личните податоци, тогаш УНИКА презема дејствија, вклучувајќи технички мерки за да ги извести другите контролори кои ги обработуваат личните податоци дека субјектот на личните податоци побарал бришење на сите линкови или копии или репродукции на личните податоци од страна на тие контролори, земајќи ги предвид достапната технологија и трошоците на спроведувањето.

(3) Ставовите (1) и (2) на овој член не се применуваат до оној степен до кој обработката е неопходна:

а) за остварувањето на правото на слобода на изразување и информирање;
б) за усогласување со законска обврска која бара обработка според закон што се применува во однос на контролорот, или за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на јавно овластување утврдено со закон доделено на контролорот;
в) од причини од јавен интерес во областа на јавното здравство;
г) за целите на архивирање од јавен интерес, за цели на научни или историски истражувања или за статистички цели, доколку постои веројатност правото утврдено во

ставот (1) на овој член да се направи невозможно или сериозно да го отежне постигнувањето на целите на таа обработка или

д) за воспоставување, остварување или одбрана на барања засновани на закон.

(4) Образецот на Барањето за правото на пристап е во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**4. Право на ограничување на обработката**

(1) Субјектот на личните податоци има право да побара ограничување на обработката од УНИКА ЛАЈФ, ако е исполнет еден од следните услови:

а) точноста на личните податоци се оспорува од субјектот на личните податоци, за период кој овозможува на УНИКА ЛАЈФ да ја провери точноста на личните податоци;

б) обработката е незаконска и субјектот на личните податоци се спротивставува на бришењето на личните податоци, при што наместо тоа бара ограничување на нивната употреба;

в) за целите на обработка, УНИКА ЛАЈФ нема повеќе потреба од личните податоци, но субјектот личните податоци ги бара за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања;

г) субјектот на личните податоци се спротивставува на обработката во очекување на верификација дали легитимните интереси на УНИКА преовладуваат над интересите на субјектот на личните податоци.

(2) Кога обработката е ограничена според ставот (1) на овој член, таквите лични податоци може да се обработуваат, само со согласност на субјектот на личните податоци со исклучок на нивното чување, или за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања или за заштита на правата на друго физичко или правно лице или поради важни причини од јавен интерес.

(3) Кога субјектот на личните податоци го остварил правото на ограничување на обработката согласно со ставот (1) на овој член, тогаш УНИКА го информира пред да престане ограничувањето на обработката

(4) Образецот на Барањето за правото на пристап е во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

**5. Право на преносливост на податоците**

(1) Субјектот на личните податоци има право да ги добие неговите лични податоци, а кои тој ги има дадено на УНИКА ЛАЈФ во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што има право да ги пренесе тие податоци на друг контролор без попречување од страна на контролорот на кого личните податоци се дадени, ако:

а) обработката е заснована врз основа на согласност според член 10 став (1) алинеја 1 или член 13 став (2) точка 1) од ЗЗЛП, или врз основа на договорна обврска според член 10 став (1) алинеја 2 од ЗЗЛП и

б) обработката се врши на автоматизиран начин.

(2) При остварувањето на правото на преносливост на податоците од ставот (1) на овој член, субјектот на личните податоци има право да добие директен пренос на личните податоци од еден контролор на друг, ако тоа е технички возможно.

(3) Остварувањето на правото од ставот (1) на овој член не го исклучува остварувањето на правото утврдено во точка 3 од овој Правилник. Правото од ставот (1) на оваа точка не се однесува на обработката потребна за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на службеното овластување доделено на контролорот.

(4) Правото на преносливост на податоците наведено во ставот (1) на овој член, не смее да влијае негативно врз правата и слободите на другите физички лица.

(5) Образецот на Барањето за преносливост е во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

**6. Право на приговор**

(1) Субјектот на личните податоци врз основа на конкретна ситуација поврзана со него има право да поднесе приговор до УНИКА во секое време, против обработката на неговите лични податоци, вклучувајќи и профилирање засновано на овие одредби. УНИКА ЛАЈФ не може повеќе да врши обработка на личните податоци, освен ако докаже дека постојат релевантни легитимни интереси за обработка, кои преовладуваат над интересите, правата и слободите на субјектот на личните податоци, или за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања.

(2) Доколку личните податоци се обработуваат за цели на директен маркетинг, субјектот на личните податоци има право во секое време да поднесе приговор на обработката на неговите лични податоци поврзани со овој вид на маркетинг, кој вклучува и профилирање до оној степен до кој истото е поврзано со директниот маркетинг.

(3) Кога субјектот на личните податоци приговара на обработката на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг, контролорот ја запира натамошната обработка на личните податоци за тие цели.

(4) Најдоцна до моментот на првата комуникација со субјектот на личните податоци, субјектот на личните податоци мора изречно да биде известен за неговото право утврдено во (1) и (2) на оваа точка, при што известувањето мора да се направи на јасен начин и одвоено од било која друга информација.

(5) Во контекст на користењето на услугите на информатичкото општество и независно прописите за електронските комуникации, субјектот на личните податоци може да го користи правото на приговор преку автоматски средства со користење на технички спецификации.

(6) Кога личните податоци се обработуваат за цели на научни или историски истражувања или за статистички цели, субјектот на личните податоците има право, врз основа на конкретната ситуација поврзана со него да поднесе приговор против обработката на неговите лични податоци, освен ако обработката е неопходна за реализирање на работи од јавен интерес.

(7) Образецот на Приговорот е во Прилог 6 кој е составен дел на овој правилник.

**7. Автоматско донесување на поединечни одлуки, вклучувајќи и профилирање**

(1) Субјектот на личните податоци има право да не биде предмет на одлука заснована единствено на автоматизирана обработка, вклучувајќи го и профилирањето што предизвикува правни последици за него или на сличен начин значително влијае на него.

(2) Ставот (1) на оваа точка не се применува ако одлуката:

а) е потребна за склучување или извршување на договор меѓу субјектот на личните податоци и контролорот;

б) е дозволена со закон што се применува во однос на УНИКА, и во кој исто така се предвидени соодветни мерки за заштита на правата и слободите и легитимните интереси на субјектот на личните податоци или

в) се заснова на изречна согласност на субјектот на личните податоци.

(3) Во случаите наведени во точка (2) (а) и (в) , УНИКА ЛАЈФ е должна да примени соодветни мерки за заштита на правата и слободите, како и на легитимните интереси на субјектот на личните податоци, а најмалку право на обезбедување на човечка интервенција од страна на УНИКА, право на изразување на личен став и право на оспорување на таквата одлука.

(4) Одлуките од точка (2) на оваа точка не смеат да се засноваат на посебни категории на лични податоци, освен ако субјектот дал изречна согласност за обработка на тие лични податоци за една или повеќе конкретни цели, или кога обработката е неопходна поради причини од јавен интерес врз основа на закон пропорционално на целта и почитување на суштината на правото на заштитата на личните податоци, при што се воспоставени и соодветни мерки за заштита на правата и слободите и легитимните интереси на субјектот на личните податоци.

**8.Прием и обработка на барањата**

УНИКА ЛАЈФ го врши приемот на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правата на субјектите на личните податоци го врши во својата архива во Дирекцијата на Друштвото лоцирана на бул.Илинден бр.1 – Скопје, или пак по електоронски пат на info@uniqa.mk .

По заведувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектите на личните податоци, сите предмети истиот ден по приемот се доставуваат за работа до Офицерот за заштита на личните податоци со цел за навремен одговор на истите .

Предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правата на субјектите на личните податоци се чуваат во заклучени ормани, до кои пристап и дозвола за користење има само офицерот за заштита на лични податоци .

**9.Офицер за заштита на личните податоци**

Офицерот за заштита на личните податоци ги врши работотите определени согласно 41/42/43 од Законот за заштита на личните податоци. Офицер за заштита на лични податоци кај Контролорот е Аднан Емровски, вработен кај Контролорот и распределен на работно место Директор на сектор за правни работи, штети и човечки ресурси . Доколку имате прашања, дилеми или барања во врска со обработка на лични податоци од страна на Контролорот истите можете да ги упатите до Офицерот за заштита на лични податоци, преку телефонскиот број +3892 3288859 .

УНИКА ЛАЈФ АД Скопје
Генерален директор
Александра Шкемби Антовска
____________________

**Прилог 1**

**БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП**

**НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**(Член 19 од Законот за заштита на лични податоци)**

| | |
|---|---|
| **1. Контролор на лични податоци** | **Друштво за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД Скопје** |
| **2. Субјект на лични податоци** | |

**(име и презиме на субјектот)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.ЕМБГ на субјектот на лични податоци** | | | |
| **4.Контакт телефон на субјектот на лични податоци** | | | |
| **5.Електронска пошта на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.Живеалиште/престојувалште на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.1 Улица** | | **6.2 Број** | |
| **6.3 Општина** | | **6.4 Држава** | |

Врз основа на член 19 од Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци, барам да бидам информиран за (се заокружува едно или повеќе од нотираните барања):

a) дали се врши обработка на личните податоци на субјектот на личните податоци;
b) целите на обработката;
c) категориите на лични податоци кои се обработуваат;
d) корисниците или категориите на корисници на кои се откриени или ќе бидат откриени личните податоци, особено корисниците во трети земји или меѓународни организации;
e) предвидениот рок за кој ќе се чуваат личните податоци, а ако тоа не е возможно, критериумите што се користат за одредување на тој период;
f) постоењето на право да се бара од страна на контролорот исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци поврзани со субјектот на личните податоци, или право на приговор против таквата обработка;
g) правото на поднесување на барање до Агенцијата согласно со членот 97 од ЗЗЛП;
h) кога личните податоци не се собираат од субјектот на личните податоци, сите достапни информации за нивниот извор;
i) постоењето на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето како што е наведено согласно со членот 26 ставови (1) и (4) од ЗЗЛП и најмалку во оние случаи, кога е вклучена значајна информација за логиката на обработката, како и значењето и предвидените последици од таквата обработка за субјектот на личните податоци.
j) Постоење на соодветни зашти мерки во случај на пренос на личните податоци во трета земја или меѓународна организација

Одговорот од ова Барање може да ми биде доставен на :

Адреса _______________ или

Е-маил _______________

Субјект на лични податоци

_________

Датум : _________

(Име,презиме и потпис)

*Напомена: Правото на субјектот на лични податоци од ова Барање е предвидено во член 19 од важечкиот ЗЗЛП и контролорот е должен да одговори во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.*

**Прилог 1 А**

**БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП**

**НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**КОИ СЕ ОБРАБОТУВААТ ПРЕКУ ВИДЕО НАДЗОР**

**(Член 19 од Законот за заштита на лични податоци)**

| | |
|---|---|
| **3. Контролор на лични податоци** | **Друштво за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД Скопје** |
| **4. Субјект на лични податоци** | |

**(име и презиме на субјектот)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.ЕМБГ на субјектот на лични податоци** | | | |
| **4.Контакт телефон на субјектот на лични податоци** | | | |
| **5.Електронска пошта на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.Живеалиште/престојувалште на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.1 Улица** | | **6.2 Број** | |
| **6.3 Општина** | | **6.4 Држава** | |

Врз основа на член 19 од Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци, барам да бидам информиран за обработката на моите лични податоци преку системот за видео надзор на УНИКА ЛАЈФ АД Скопје од следната локација _______________ , и тоа за периодот од _______________ до _______________ .

Образложение на барањето :

________________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________________

**Напомена**:
На субјектот на личните податоци му се овозможува само увид во снимките од видео надзорот доколку истите се уште се чуваат, а примероци/копии од снимките УНИКА ЛАЈФ АД СКОПЈЕ издава само по барање на надлежен орган, во посебна со закон утврдена постапка.

Одговорот од ова Барање може да ми биде доставен на :

Адреса ________________ или

Е-маил ________________

Субјект на лични податоци

__________

Датум : __________

(Име,презиме и потпис)

*Напомена: Правото на субјектот на лични податоци од ова Барање е предвидено во член 19 од важечкиот ЗЗЛП и контролорот е должен да одговори во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.*

Прилог 2

**БАРАЊЕ ЗА ИСПРАВКА**

**НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**(Член 20 од Законот за заштита на лични податоци)**

| | |
|---|---|
| **1. Контролор на лични податоци** | **Друштво за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД Скопје** |
| **2. Субјект на лични податоци** | |

**(име и презиме на субјектот)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.ЕМБГ на субјектот на лични податоци** | | | |
| **4.Контакт телефон на субјектот на лични податоци** | | | |
| **5.Електронска пошта на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.Живеалиште/престојувалште на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.1 Улица** | | **6.2 Број** | |
| **6.3 Општина** | | **6.4 Држава** | |

Врз основа на член 20 од Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци, барам да се изврши исправка на моите неточни лични податоци и тоа :

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

Одговорот од ова Барање може да ми биде доставен на :

Адреса ________________ или

Е-маил ________________

Датум : _________

Субјект на лични податоци

_________

(Име,презиме и потпис)

*Напомена: Правото на субјектот на лични податоци од ова Барање е предвидено во член 20 од важечкиот ЗЗЛП и контролорот е должен да одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.*

**Прилог 3**

**БАРАЊЕ ЗА БРИШЕЊЕ**

**НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**(Член 21 од Законот за заштита на лични податоци)**

| | |
|---|---|
| **1. Контролор на лични податоци** | **Друштво за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД Скопје** |
| **2. Субјект на лични податоци** | |

**(име и презиме на субјектот)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.ЕМБГ на субјектот на лични податоци** | | | |
| **4.Контакт телефон на субјектот на лични податоци** | | | |
| **5.Електронска пошта на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.Живеалиште/престојувалште на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.1 Улица** | | **6.2 Број** | |
| **6.3 Општина** | | **6.4 Држава** | |

Врз основа на член 21 од Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци, барам да се изврши бришење на моите лични податоци бидејќи е исполнет следниот услов ( да се заокружи ) :

a) личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани или обработени на друг начин;
b) ја повлекувам својата согласност врз која се заснова обработката на податоците и не постои друга законска основа за обработка;
c) поднесен е приговор против обработката на личните податоци;
d) личните податоци биле незаконски обработени;
e) личните податоци треба да бидат избришани со цел почитување на обврска утврдена со закон која се однесува на УНИКА ЛАЈФ АД Скопје;
f) личните податоци биле собрани во врска со понудата на услуга за животно осигурување.

Одговорот од ова Барање може да ми биде доставен на :

Адреса ________________ или

Е-маил ________________

Датум : _________ Субјект на лични податоци

__________

(Име,презиме и потпис)

*Напомена: Правото на субјектот на лични податоци од ова Барање е предвидено во член 21 од важечкиот ЗЗЛП и контролорот е должен да одговори во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.*

**Прилог 4**

**БАРАЊЕ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБРАБОТКАТА**

**НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**(Член 22 од Законот за заштита на лични податоци)**

| | |
|---|---|
| **1. Контролор на лични податоци** | **Друштво за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД Скопје** |
| **2. Субјект на лични податоци** | |

**(име и презиме на субјектот)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.ЕМБГ на субјектот на лични податоци** | | | |
| **4.Контакт телефон на субјектот на лични податоци** | | | |
| **5.Електронска пошта на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.Живеалиште/престојувалште на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.1 Улица** | | **6.2 Број** | |
| **6.3 Општина** | | **6.4 Држава** | |

Врз основа на член 22 од Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци, барам да се изврши ограничување на обработката на моите лични податоци бидејќи е исполнет следниот услов (да се заокружи):

a) моите лични податои не се точни;
b) обработката е незаконска и се спротивставувам на бришење на личните податоци;
c) за воспоставување, остварување или одбрана на моите правни барања;
d) имам поднесено приговор против обработката на моите лични податоци во очекување на верификација дали легитимните интереси на УНИКА ЛАЈФ АД Скопје преовладуваат над моите интереси.

Одговорот од ова Барање може да ми биде доставен на :

Адреса ________________ или

Е-маил ________________

Датум : _________

Субјект на лични податоци

_________

(Име,презиме и потпис)

**Прилог 5**

**БАРАЊЕ ЗА ПРЕНОСЛИВОСТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**(Член 24 од Законот за заштита на лични податоци)**

| | |
|---|---|
| **1.Контролор на лични податоци** | **Друштво за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД Скопје** |
| **2.Субјект на лични податоци** | |

**(име и презиме на субјектот)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.ЕМБГ на субјектот на лични податоци** | | | |
| **4.Контакт телефон на субјектот на лични податоци** | | | |
| **5.Електронска пошта на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.Живеалиште/престојувалште на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.1 Улица** | | **6.2 Број** | |
| **6.3 Општина** | | **6.4 Држава** | |

Врз основа на член 24 од Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци, барам од УНИКА ЛАЈФ АД Скопје ми овозможи преносливост на моите лични податоци во машински читлив формат .

Барам податоците ( да се заокружи ) :

a) Да ми бидат доставени мене лично на следнава e-mail адреса ________________________ или
b) На контролорот правно лице со нази ________________________ со ЕМБС ________________________, со седиште на ________________________, на следнава e-mail адреса ________________________ .

Датум : __________

Субјект на лични податоци

__________

(Име,презиме и потпис)

Прилог 6

**ПРИГОВОР**

**против обработката на личните податоци**

**(Член 25 од Законот за заштита на лични податоци)**

| | |
|---|---|
| **1.Контролор на лични податоци** | **Друштво за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД Скопје** |
| **2.Субјект на лични податоци** | |

**(име и презиме на субјектот)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.ЕМБГ на субјектот на лични податоци** | | | |
| **4.Контакт телефон на субјектот на лични податоци** | | | |
| **5.Електронска пошта на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.Живеалиште/престојувалште на субјектот на лични податоци** | | | |
| **6.1 Улица** | | **6.2 Број** | |
| **6.3 Општина** | | **6.4 Држава** | |

Врз основа на член 25 од Законот за заштита на личните податоци, како субјект на лични податоци, го поднесувам овој Приговор против обработката на моите лични податоци од страна на УНИКА ЛАЈФ АД Скопје поради следниве причини :

a) не постои релевантен легитимен интерес за обработката на личните податоци;
b) обработката не е потребна за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на јавно овластување од страна на УНИКА ЛАЈФ АД СКОПЈЕ;
c) немам дадено согласност за обработка на моите лични податоци за цели на директен маркетинг, кој вклучува и профилирање;
d) не сакам да бидам предмет на одлука заснована единствено на автоматизирана обработка, вклучувајќи и профилирање.

Одговорот од овој Приговор може да ми биде доставен на :

Адреса ________________ или

Е-маил ________________

Датум : _________

Субјект на лични податоци

_________

(Име,презиме и потпис)